РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 13-7891/4
01 11 2012 год.

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ - БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
Бр. 529/1
16.11.2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11 и 123/12), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии по Безбедност на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на докторски студии по Безбедност на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиените, од страна на Одборот за акредитација и евалуација, Решение бр. 12-92/5 од 25.07.2012 година за акредитација на Елаборатот за организирање на трет циклус докторски студии по Безбедност, Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитетот "Св.Климент Охридски" во Битола се обрати со барање бр. 0202-392/1 од 21.08.2012 година, до Министерството за образование и наука, по наш бр. 13-7891/1 од 16.10.2012, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведените студиски програми.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 13-7891/2 од 18.10.2012 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 22.10.2012 година година, изврши увид и изготви извештај бр. 13-7891/3 од 26.10.2012 година, каде е наведено дека за студиската програма од трет циклус на докторски студии по Безбедност на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитетот "Св.Климент Охридски" во Битола се исполнети условите за почеток со работа, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11 и 123/12) и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**м-р Панче Кралев**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ

**Доставено до:**
- **Примач**
- **Архива**

изготвил: Нухи Ајдини
прегледал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити